Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 03.06.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 696/1 | | |

До
Националната комисија за учебници
МОН-Скопје

ПРЕДМЕТ: Известие за конечно мислење за ракописот за учебникот од проф. д-р Тони Филипоски, член-известител на Националната комисија за учебници, врз база на издвоени мислења на тројцата членови на рецензентската комисија за усогласеност на корегиран ракопис за учебник: ГЕОГРАФИЈА ЗА VIII ОДДЕЛЕНИЕ во основно образование под шифра 27, го дава следното

И З В Е С Т И Е

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Ресуљ Хамити (допис: 26-352/14 од 02.06.2026 г.), претседател, проф. д-р Марија Љакоска (допис: 26-688/1 од 02.06.2026), член и м-р Невенка Стоева (допис: 26-352/15 од 02.06.2026), член, го разгледаа корегираниот ракопис за учебник по наставниот предмет: **Географија за VIII одделение** основно деветгодишно образование под шифра 27 и секој од членовите даде издвоено стручно мислење. Проф. д-р Ресуљ Хамити, претседател, се изјаснил дека по проверка на ракописот со внесените корекции, може да се заклучи дека ракописот комплетно ги исполнува стандардите на бараниот учебник. Како таков ракописот се препорачува да биде одобрен за употреба како учебник по предметот: **Географија за VIII одделение** основно деветгодишно образование. Спротивно стручно издвоено мислење изнесува проф. д-р Марија Љакоска, член, која констатира дека авторот/те во над 90 % не постапиле во отстранување недостатоците во содржините и затоа ракописот за учебник: **Географија за VIII одделение** основно деветгодишно образование под шифра 27 не ги задоволува барањата од предвидените подрачја. Во стручното мислење на м-р Невенка Стоева, член, се наведува дека дадените забелешки и препораки се земени во предвид во ревидираната верзија. Во текстот се направени соодветни корекции и дополнувања. Врз основа на наведеното Н. Стоева дава позитивно стручно мислење за ракописот за учебник под шифра 27 и предлага истиот да биде одобрен за натамошна постапка.

Имајќи ги во предвид трите издвоени стручни мислења од рецензентите, констатирам дека две се позитивни, а едно е негативно. Поради тоа на Националната комисија за учебници и предлагам да се почитува мислењето на мнозинството од Рецензентската комисија, односно ракописот да оди во понатамошна процедура. Со други зборови кажано ракописот за учебник: **Географија за VIII одделение** основно деветгодишно образование (под шифра 27) да се допушти за печатење и користење во наставата.

Скопје,

02.06.2026

проф. д-р Тони Филипоски

---------------------------------